Република Македонија
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

Ул."Вељко Влаховиќ"бб,1000 Скопје|тел.02/3203-823, факс.02/3233 057 |sudskibudzet@ssrm.mk

Бр. 02-547/18

12.05. 2014 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за судски буџет ( " Сл. весник на РМ " бр.60/03, 37/06,103/08,145/10), член 12 став 1 и член 17 од Законот за платите на судиите ( " Сл. весник на РМ " бр.110/07,103/08,1 61/08, 153/09, 67/10 и 135/11 ), Судски буџетски совет на ден 12.05.2014 година:

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СУДИИТЕ УТВРДЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

1.Се менува ставот 3 од точката 5 на Одлуката за начинот на остварување на правата на судиите утврдени во Законот за платите на судиите бр.02-1425/12 од 13.10.2010 година и истата гласи:

" Надоместокот за одвоен живот судијата го остварува од денот на поднесувањето на барањето до Судскиот буџетски совет. Кон барањето судијата поднесува фотокопија од документот за идентификација ( лична карта ), одлука за избор на судија и изјава заверена на нотар со која изјавува дека живее одвоено од членовите на неговото потесно семејство во местото кадешто ја извршува судиската функција."

2.Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

Александра Зафировска